ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
04Су. бр.48/23
05.07.2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 20 и член 39 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија” бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.235/22), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, Правилникот изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Северна Македонија како и согласноста од Министерот за финансии бр.18-3334/2 од 24.02.2023 година

ВРХОВНИОТ СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
објавува
ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2023
за кариерно унапредување на 2 (двајца) судски службеници

1. **Категорија Б, ниво Б – 4**
   **Раководител на Оддел за казниви дела - 1 извршител**

Услови за вршење на работите:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правен факултет со положен правосуден испит.
Најмалку 4 години работно искуство во струката по положен правосуден испит.

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со Актот на систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 2 од Закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на РМ” бр.198/2018).

Работни часови неделно 40 часа
Работно време - почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 41.749,00 денари

2. **Категорија Б, ниво Б – 4**
   **Раководител на Одделение за човечки ресурси - 1 извршител**

Услови за вршење на работите:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правен факултет со положен правосуден испит.
Најмалку 4 години работно искуство во струката по положен правосуден испит.

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со Актот на систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 2 од Закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на РМ” бр.198/2018).

Работни часови неделно 40 часа
Работно време - почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 37.941,00 денари

Кон пријавата, кандидатите да ги приложат доказите за исполнување на посебните услови, како и доказ за исполнување на посебните работни компетенции и тоа:

- уверение за завршено соодветно образование, во оригинал или фотокопија заверена на нотар
- доказ за работно искуство
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), во оригинал или фотокопија заверена на нотар и
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, во оригинал или фотокопија заверена на нотар

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.
Пополнетата пријава во писмена форма и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите се должни преку приемната писарница да ја достават до Комисијата за селекција за унапредување.
Рокот за поднесување на пријавите е 5 дена, сметано од денот на објавување на огласот на веб страната на Судот.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од понатамошна постапка.

Постапката за селекција и унапредување ќе биде спроведена согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20).